СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

Врз основа на член 48 и член 49 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02–19821/1/II–2 од 11.11.2020 година (пречистен текст) и Одлуката на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за свикување 50. седница на Годишно собрание на акционери, НО бр. 02–4603/1/II.1–22 од 27.3.2023 година,

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БАНКАТА ОБЈАВУВА

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА БАНКАТА

50. седница на Годишното собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола ќе се одржи во Битола, на **4.5.2023 година (четврток)** со почеток во **12.00 часот, во седиштето на Стопанска банка а.д. Битола, ул. „Добривоје Радосавлевиќ“ бр.21, сала за состаноци на III кат,** со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела
   2.1. Избор на претседавач
   2.2. Избор на двајца бројачи на гласови
3. Констатирање кворум за работа на Собранието

**II. Работен дел**

1. Разгледување на записникот од 49. седница на Годишно собрание на акционери, одржана на 31.5.2022 година.
2. Годишен извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2022 година, со прилози:
   – Мислење од Надзорниот одбор на Банката;
   – Предлог–одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето од Надзорниот одбор
3. Извештај за работата на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола за 2022 година, со вклучена оцена од аспект на поединечните членови и колективно, со прилог:
   – Предлог–одлука за усвојување на Извештајот
4. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по Годишната сметка за 2022 година со мислење на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје, со прилози:
   – Мислење од Надзорниот одбор на Банката
   – Предлог–одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето од Надзорниот одбор на Банката
5. Годишна сметка на Стопанска банка а.д Битола за 2022 година, со прилог:
   – Предлог–одлука за усвојување на Годишната сметка
6. Предлог–одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година на Стопанска банка а.д. Битола
7. Предлог–одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола
8. Предлог–одлука за избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола
9. Информација за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола
10. Предлог–одлука со која Одлуката за определување месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02–2383/II–13 од 25.3.2015 се става вон сила.
11. Предлог–одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог:
   – Мислење на Надзорниот одбор на Банката кон предлог–одлуката

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер што има намера да учествува на Годишната седница на Собранието на Банката е должен да го пријави своето учество (пријава за учество на Собранието) најдоцна еден час пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават во Банката – Сектор за правни работи и управување со Кабинетот на Управниот одбор.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред во согласност со Статутот на Банката и со Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се одвива во согласност со Статутот и со Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да ја извести Банката писмено или електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштва и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет–страница на Банката www.stbbt.mk.

Во согласност со Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања до органот на управување на друштвото во рок од 8 (осум) дена од денот кога е објавен Јавниот повик за одржување на седницата на Собранието на акционери на Банката, односно најдоцна до 5.4.2023 година до 16:00 часот. Подетални информации за постапката за доставување предлози и прашања можат да се најдат на официјалната интернет–страница на Банката: www.stbbt.mk.

Материјалите за Собранието на Банката и дополнителни информации во согласност со Законот за трговски друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во просториите на Стопанска банка а.д. Битола (трети кат, Централа на Банката), ул. „Добривоје Радосављевиќ“ бр. 21, Битола, како и на интернет–страницата на Банката www.stbbt.mk.

Стопанска банка а.д. Битола

Тел.: +389 47 207 500 Факс: +389 47 207 513
stbbt@stbbt.mk
www.stbbt.mk
Добривоје Радосављевиќ 21, 7000 Битола, Македонија
ЕМБС: 5026377 ЕДБ: 4002995103351 Стопанска Банка а.д. Битола 500-0000000001-24